MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр./Nr 12-1400/2
21.07. г./v. 2020

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,,) Државната комисија за спречување на корупција постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице на 31-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 16 Јули 2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата за корупција бр. 12-1400/1 од 26.02.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице, ------------------------- од -------------- **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност - нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1400 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-1400/1 од 26.02.2020 година.

Предметот со број 12-1400 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

До подносителот на пријавата да се достави упатување за начинот на остварување на правата согласно позитивните законски прописи.

Образложение

Предметот со број 12-1400 од 2020 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-1400/1 од 26.02.2020 година, доставена од познат поносител – физичко лице, ---------------------- од -----------------.

Со наводите од предметната пријава се изразува незадоволство од неможноста подносителот на пријавата – мајка на, поранешен вработен во -----------------, покоен, да оствари исплата на последната месечна плата за месец Октомви ----------- година, која поради настаната смрт, не му е/била исплатена на нејзиниот син, починат во месец Ноември -------------- година.

Со писмени поднесоци, а и непосредно, за остварување на правата за кои подносителката смета дека и припаѓаат и треба да и бидат исплатени финансиски средства се обратила до --------------- при ------------- Република Северна Македонија и до ------------------- правобранител. Истакнува наводи за финансиските потешкотии кои ги имала и сеуште ги има, а најавува и поведување на судска постапка за наплата на предметното побарување.

По оценка на Државната комисија за спречување на корупцијата правото, за кое подносителката бара да и се помогне од Државната комисија, истата треба да го остварува со покренување на оставинска постапка пред надлежен суд, односно пред нотар определен од надлежниот суд.

Севкупно гледано, врз основа пријавата Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција – злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за

друг преку коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или други кои вршат работи од јавен интерес, па оттаму и дека нема елементи за нејзино надлежно постапување согласно со членот 17 од Законот за за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Вр основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатување до подносителот**

Се упатува подносителот на пријавата, по прибавување на доказ дека паричните средства на име плата за месец Октомври ------------- година се/биле уплатени на банкарската сметка на починатиот син, исплатата на истите да ја остварува со покренување на оставинска постапка пред надлежен суд, односно пред нотар определен од надлежниот суд .

**Одлучено на ден 16 Јули 2020 година по број 12- 1400/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Христина Мишевска
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот